Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 01.07.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 03 | 2038/1 | 0 | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-330/7
29.06.2021 год.-viti
Скопје - Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 17 седница одржана на 05.05.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Управување и менаџмент во јавниот сектор", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југо Источна Европа, Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „ Управување и менаџмент во јавниот сектор ", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер по управување и менаџмент во јавниот сектор област Управување и менаџмент во јавниот сектор /во меѓународен промет академски студии назив: Master in Governance and Management in PublicSector.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 – Општествени науки.
Научно – истражувачко поле: 506 - Организациони науки и упраување (менаџмент) 509 - Јавна управа и администрација
Научно – истражувачка област: 50600 - Наука за организација 50602- Менаџмент системи 50605 - Стратешки менаџмент 50615 - Менаџмент во администрација 50620 - Социјален менаџмент 50622 - Управување со човечки ресурси 50900 - Наука за управата 50901 - Јавна управа 50902 - Јавни служби

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 35 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

[1] 03-2038/1 [2021]

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 08 - 3739/3 од 24.12.2020 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „ Управување и менаџмент во јавниот сектор “, втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за современи општествени науки при Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 330/1 од 28.12.2020 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 11-та седницата одржана на 27.01.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 330/6 од 08.06.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 17-та седница одржана на 05.05.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски